**КОСТАДИН УСТАПЕТРОВ**

# *АФОРИЗМИ*

Ораторите секогаш се враќаат на местото на злосторството - говорницата.

***

Во банана државите мајмуните
царуваат, а позицијата и опозицијата
на кори од банани се насанкуваат.

***

Животот е најтежок кога
е полн со празнини.

***

Кога го гледам црното минато,
сомнителна ми е посветлата иднина.

***

Скријте си ги рокчињата, оти
и ѓаволите се плашат од вас.

***

Економијата ни е стабилна,
само да не дувне ветар.

***

На толку крадење, никој не е
будала да пишува мемоари.

***

Држава и четириесет министри.
Сезаме, отвори се!

***

Кога Европа ни вели што
да правиме, сигурно не смета
за деца. Ќе види таа, кога
ќе пораснеме.

***

Извршија геноцид над јагнињата,
прасињата, пилињата, телињата,
во името на заштита на животната
средина на говедата.

***

Како бе не можеш да најдеш работа,
кога со Уставот и со
Рамковен договор ти е
загарантирана.

***

Некому работата му оди,
на друг му стои, на трет
му лежи, а четвртиот - ја сонува.

***

Продадените души не ги сакаат
на ниту еден пазар во светот
- расипана стока.

***

Не е проблемот во тоа што светот
е едно големо глобално село.
Проблемот е во селската политика.

***

Имале црвена линија. Никој не им
е виновен, самите си ја нацртаа.

***

Големите сили не можат без
малите, оти ќе немаат на кого
да ја покажуваат силата и со
кого да си играат.

***

Не искоренувајте го лошото, оти
нема од каде да научите што е добро.

***

Ги бидува за пишување трагедии,
ама ова со името, во светот е
позната како чиста - комедија.

***

Каменот од блиску паѓа. Крадците
ви се во сопствените редови.

***

Само оние што знаат, умеат да молчат.

***

Партиите се менуваат,
власта си останува иста.

***

Професоре, без мојот адвокат
нема да одговорам на испитот.

***

Лесно е да знаеш сé
пред неписмените.

***

Сите телевизии ни емитуваат
народни приказни, политичарите
ни кажуваат басни. Живееме како
во бајките.

***

Политика што се занимава со
клозетот на соседот, таму и

ќе заврши.

***

Сите добри и убави работи траат
кратко, затоа што долго ни траат
глупостите што секојдневно ги
правиме.

***

Сите кралеви на подземјето
обично живеат во облаци.

***

Нешто ми е сомнително, крал
немаме, а имаме многу шутови.

***

Доказ дека е дозволено
законите да се кршат,
се казнените одредби
на крајот.

***

Крајната цел секогаш се
поставува на почетокот.

***

Соседот сака да ни биде кум,
мисли дека сега сме родени.

***

Рамноправност на половите,
не доаѓа во предвид. Ќе нема
да се знае кој кого дупи.

***

Кога не можат да ја сменат
историјата, пробуваат со името.

***

Кога почнаа да стават деца за
менаџери, се очекува Нинџа
желките, Бетмен и Мики Маус
да ги средат работите.

***

Ги избравме најдобрите, одлично
прават стресови и расплачуваат
мајки.

***

Сакаат да стават ред. Почнаа
од чесните, оти на другите
ништо не им можат.

***

Животните се плашат и бегаат
од луѓето. Инстиктот им кажува
кој е крволочен.

***

Како нема ништо, а чии
се вошките кај него.

***

Таму каде што нема железница
одамна го имаат пропуштено возот.

***

Со визи или без нив, нам
секогаш ни се оди по надвор.

***

Една цигара има повеќе ум од
пушачот, затоа и го прави зависник.

***

Европа нé има в раце. Нема
потреба да не внесе дома.

***

Оние кои сакаат повеќе, мора
нешто да им недостасува.

***

Зошто ќе ви е иднината, кога не
знаевте да ги искористите минатото
и сегашноста.

***

Имаме многу ситни души, изгледа
затоа Европа не може да нѐ види.

***

Тој не е за продавање, веќе го купија.

***

Да ги држеа конците во свои раце,
барем ќе се научеа - да везат и плетат.

***

Тие што сакаат народот да го
стават во ред, си одат преку ред.

***

Народот не го ставиле в ред
диктатори, најмалку тоа ќе
го направат фактори.

***

Кога се финансираат пензионерите
како најперспективни луѓе, не е
важно кој се бања.

***

Колку ви овозможува државата,
се гледа по потрошувачката на
тоалетна хартија.

***

Можеби јас сум постанал од мајмун,
ама на толку многу кокодакање,
соседката, не верувам.

***

Пушачите дури сега со закон се исфрлени надвор. Народот одамна е исфрлен на улиците како: продавачи, клошари, таксисти, штрајкувачи, невработени, пензионери, инвалиди...

***

Некои сон не ги фаќа за
земјата од соништата.

***

Точно, луѓе сме, ама од
животинско потекло.

***

Со сила не се прави демократија,
туку анархија.

***

Точно е дека ме имаат во свои раце,
ми се држат за аргументот.

***

Пропадна, стаса до врвот -
на својата неспособност.

***

Како одат работите, ќе нема
потреба од лични исправи, треба
само да ни ги дупнат ушињата
со маркици за евиденција.

***

Не знаеш кои се поголеми
животни, тие во кафезите,
тие што ги ставиле таму
или оние кои ги гледаат
однадвор.

***

Од кога стасаа во земјата на
соништата, престанаа да сонуваат.

***

Постојано го цитираат - пцујат.

***

Ги држат конците во свои раце - крпат.

***

Била детска работа, нормално кога сите кадри ни се калат во детските
градинки.

***

Во природата за да опстанат, животните
се јадат меѓу себе. Исто во општеството
се јадат - партиски.

***

Ги изгубивме чесноста, одговорноста, моралноста - нигде чесен наоѓач да ги
врати.

***

Интересно, нема околу нас вода,
а сите одлуки ни паѓаат во неа.

***

Најефикасен лек за здравјето
на луѓето е да немаш потреба
од лекови.

***

Не верувам дека ќе употребат сила,
кај нас сите силни се во гробиштата.

***

Во борбата против тероризмот,
самите се испотепаа.

***

Како да не смрди, кога имаме
толку многу расипани.

***

Сѐ додека има многу дракулации,
крвната слика на народот нема
да се подобри.

***

Затвораат секакви. Тргнувајќи
од себе, мислат дека и другите
се нечесни.

***

Во преговорите: ако ги прифатиме
сите нивни услови може и ќе се
договориме.

***

Не сме постоеле. А со кого
преговараат, со самите себе ли?

***

Власта се гордее што има опозиција.
Оти ќе има на кого да ги спроведува законите.

***

Подобрата иднина ќе
дојде - утре сабајле.

***

На глупавите реализирани работи,
уште по глупав одговор - демократија.

***

Сиот народ се занимава со
земјоделство, одгледува
политичари.

***

Подобро ќе се вратиме на
мајмунските гранки, отколку
да бидеме робови на човеколик
мајмун.

***

Не е проблемот неверството,
туку расипаните мисли.

***

Подобро да имаше
визи отколку кризи.

***

Се подготвивме за Европа, но таа
се уште не е подготвена да не прими.
Треба да поработи уште малку на антикоруптивните мерки, законите
и меѓуетничките односи .

***

Никогаш не може да паднеме
во криза, нон-стоп сме во неа.

***

На гости ни доаѓаат и ние одиме
кај оние што не́ сакаат. Европа
може и ќе не засака.

***

Ни побегнаа сите вампири. Од
бескрвни, веќе исцицани, нема
што да цицаат.

***

Дајте им на богатите, да не
банкротираат, оти ќе се
самоубијат.

***

Ако со лицето гледате во минатото,
со газот ќе гледате кон иднината.

***

Ако сакаш некој да те чуе,
појди во полицијата тие
најдобро сослушуваат.

***

И до сега секојдневно влегував
во Европа без визи - купував
чоколади и бонбони за децата.

***

И власта произведува
средства - за миење мозоци.

***

Може заслужувате да бидете
плукнати, ама мене не ме личи
да плукам.

***

Плуралистички секс. Не се
знае кој кого и каде дупи.

***

Немаме Сибир, ниту Голи Оток, ама
си имаме агенции за вработување.
Не дај боже да ве пратат таму.

***

Се жалат селата: ако немаат основно училиште, барем да имат факултет за настава во природа.

***

Портпарол: тетка која
озборува други тетки.

***

Да не ги дупеа до сега в мозок,
може ќе имаа и по пет деца.

***

Зошто ги нема Инките и Ацтеките.
Сакале да направат голема Инкија
и Ацтекија.

***

И овчарите одаат на студиско
патување и усовршување во
градовите. Таму се овците,
волците и кучињата.

***

Не стасавме на целта пред
вас, ние таму живееме.

***

Законот за пушење е дискриминаторски,
ајде ве молам, жените да пушат на
отворен простор.

***

Оние што живеат од вчера до утре,
може да ги сретнете секој ден.

***

Луѓето работат како ото - мотор
- внатрешно согоруваат.

***

Кој вели дека не сме единствени,
сите гледаме Илјада и една ноќ
- Шехерезад.

***

Што ако сте на висока функција
кога ја користите за ниски побуди.

***

Власта бричи и потстрижува,
ама не во берберница.

***

Човекот е и природно и општествено
битие, природно јаде, а општествено покакува.

***

Тие што сакат да бидат над
другите, треба да се обесат.

***

Не е тој виновен што мозокот
му застанал на 16-ти, а му дават
да решава проблеми од 21 век.

***

Приграбија се́ за себе,
колку за опстанок.

***

Диктатори имало многу, ама
ниту еден не успеал да го
дисциплинира народот.

***

Кога ви кркорат цревата, сите
закони ја губат важноста.

***

Нема разлика помеѓу стар
човек и стара кола, `рчат и
бучат ненормално.

***

Мажот работи на ракија и жени,
а жената на денари и козметика.
Затоа не се сложуваат.

***

На сила ниту се сака, ниту се јаде,
ниту се оди по надвор, ниту се
спие, ниту... не е јасно зошто
се правите силни.

***

Ако расплакуваш мајки,
очекувај да ти ја расплачат.

***

Ако оставиме деца да ни ги водат
работите, Мики Маус ќе го изберат
за претседател.

***

Оние што имаат две татковини,
кога ќе починат, телото ќе го закопаат
во едната, а душата во другата земја.

***

Маж што знае што сака и жена
што не знае што сака, секогаш
завршува со развод.

***

Станавме вегетеријанци, стоката
не замрази - и го земавме лебот.

***

Кратките форми на изразување,
може да предизвикаат долги
полемики.

***

Кој последен се смеел
- не е веќе меѓу нас.

***

Пријателите не се купуваат,
не се продаваат, не се ценат,
туку се сакаат.

***

Откако патиштата ни се вкрстија,
ни остана само да се крстиме.

***

Ако не беа влекачите, ние
ќе летавме во облаци.

***

Окупираните со политика
се слуги на окупаторот.

***

Анемичните не можат никогаш
да ни ја подобрат крвната слика.

***

За да ја знаете вредноста,
мора да сте вреден.

***

Некогаш работниците креваа
тупаници, потоа два прста, а
денес само еден - средниот.

***

За Нато и ЕУ сме мали,
затоа си играт со нас.

***

Знам колку е часот, ама вие не
знаете колку не знаат, колку
е часот.

***

Стасавме до „крем”
друштвото, ќе почнат
да не кремираат.

***

Ако пишувам за глупавоста,
сум ја промашил темата.

***

Како може да бидете на висина
на својата задача, кога никој
никогаш не ви дал задача.

***

Производите и така и вака, ама
цените никогаш не ги цениме.

***

Крајот и неписмените го знаат.

***

Тие што молчат, знаат
за што да не зборуваат.

***

Без меѓународни набљудувачи
не можеме ни да прднеме.

***

Ги избравме законски најдобрите.
Сите права си ги зедоа за себе,
нам ни ги тупосаа обврските.

***

Професорите се за жалење. Од
една страна ги тормозат учениците,
од друга родителите, од трета
државата и тоа за ситни пари.

***

Дајте ми барем едно право,
за да не ве гледам на криво.

***

Немаме потреба од црква,
политичарите ни го отпејаа.

***

Ние сме хуманитарна фамилија,
се́ што имаме го даваме - за
голиот ни живот.

***

Современи земјоделци: фрлаат
семе, никнува политика.

***

Како немаме херои? Половина
и повеќе од народот херојски
ги минуваат деновите без
скршен денар во џебот.

***

Го отворија патот кон Европа,
за ним да им остане сé.

***

Од нон-стоп вадење душа,
резултатите се видливи,
имаме полно бездушници.

***

Партиските послушници ги
направија да работат на батерии,
кога има потреба им ги вадат.

***

Коњот е жив пример како за
чесна работа се добива само
сено.

***

Ни фрлаат коски да не лаеме,
барем додека јадеме.

***

Човекојадците умираат млади,
јадат еднолична храна.

***

Модата на голиот живот не
поминува, се менуваат само
модните креатори.

***

Такви богаташи може
само народот да направи.

***

Ропството си продолжува
со векови, се менуваат само
- робовладетелите.

***

На другата страна на монетите
имаме само животни. Ќе си
помислат дека немаме луѓе.

***

За Балканот отворена е нова
дестинација. Веќе сите патишта
не водат кон Рим, водат и кон Хаг.

***

Во капитализмот сé е од интерес,
само љубовта не е - таа е за евра.

***

Во белиот свет најде
работа - ноќна смена.

***

Сега кога имаме биометриски
пасоши, може без виза да одиме
по надвор.

***

Чекајќи ги своите пет минути,
му отиде и последниот воз.

***

Не местат натрпевари, само
однапред ги знаат резултатите.

***

Според постапките, повеќе
ќе ви одговара да барате
животински, отколку
човечки права.

***

Добро е што направиле
споменик на незнајниот јунак,
ако го знаеа, тешко нему.

***

Не можат да видат ништо
пред носот, гледаат далеку.

***

Ќе се иселат сите и без визи,
ќе останат само политичарите
да донесуваат закони и рамковни
договори.

(Овие афоризми се објавени во книгата ***Пополнета празнина,*** во коавторство со Ристо Филчевски и Ѓорѓи П. Панов, ЛУ Библиотека „Благој Јанков - Мучето“, Струмица, 2010)

**Костадин Устапетров (1950-2013)** е познат карикатурист и афористичар. Завршил Архитектонски факултет во Скопје. Со карикатура и афоризам се занимава од 1971 година кога во „Остен” ги има објавено првите карикатури и афоризми. Објавувал во многу весници и списанија. Имал излагања со групата КИКС од 1973 година и Здружението на карикатуристи на Македонија од 1980 година на сите изложби во земјата и странство. Во издание на Здружението на карикатуристи на Македонија и списанието „Остен” во 1994 година му била објавена книгата карикатури „Врата кон светот” и книгата афоризми „Надвор од рамките” (2002) во издание на авторот. Застапен е со карикатури во книгата „Тушот не е вода” во издание на НИП „Студентски збор“ - Скопје (1975), во антологиското издание „Македонска карикатура“ од Владимир Величковски (1994), во „Антологијата на Македонски афоризам“ од Васил Толевски (2007) и „Антологијата на Балканскиот афоризам (2008) и двете во издание на *Алма* Белград, двојазично. Неговите дела се наоѓаат во повеќе меѓународни фестивали и галерии на карикатурата во Македонија, Иран, Италија, Канада, Полска, Словачка, Бугарија, Србија, Турција, Белгија, Холандија, Грција и други земји. Исто така е застапен во колекции на приватни колекционери низ светот. Во 1996 година награден е како најдобар соработник во областа на карикатурата за тековната година на магазинот за хумор и сатира “Остен”. Изложувал дела со *Друштвото на ликовни уметници на Струмица* во земјата и странство. Добитник е на повеќе награди за карикатури и афоризми. Авторот ги објавил книгите: *Практицизми* (афоризми), *Сурфери* 1 (карикатури), *Сурфери* 2 (карикатури), *Лунгуре* (карикатури), *Струмички криви краставици* (текстови), сите под заедничко име Мозаик. Книгата *Пополнета празнина* (2010) е објавена во коавторство со Ристо Филчевски и Ѓорѓи П. Панов.

Костадин Устапетров е коавтор и на "Зборникот на роднокрајни афористичари" со д-р Димитар Алачки, Ацо Ѓоргиев, Ѓорѓи П. Панов и Ристо Филчевски (2013)

Инаку , на Костадин Устапетров му е доделена постхумно наградата за животно дело "Светите Петнаесет Тивериополски маченици" за 2014 година на свечената седница на Советот на Оштина Струмица 11 декември, Ден на заштитниците на Градот.

Васил Толевски за него вели: "Костадин Устапетров поголем дел од својот живот го посвети на афоризмот и карикатурата кои се негова преокупација од најраната младост. Учествувал и сеуште учествува на многу манифестации поврзани со афоризмот и карикатурата. Објавувал и објавува во многу списанија и весници ширум Европа и пошироко, со што го пренесува името на нашата татковина далеку од нашите граници. Човек со една раскошна животна и творечка биографија, од која еден исечок е даден и во оваа книга. Автор е на повеќе книги од посочените области со кои ја надопллнува духовната култура на Македонија."